Врз основа на член 19 од Законот за ревизија (Сл. весник на Република Македонија бр.158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14,145/15,192/15, 23/16 и 83/18) и член 25 став (7) алинеа 8) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РМ (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ на седницата одржана на 29.10.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија бр. 0202-11/4 од 15.01.2016 година.

**Член 2**

Се менува член 6 од Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и гласи:

,,(1) Проверките кои што не се предвидени во редовниот циклус за спроведување на проверки на контрола на квалитет се вршат со одлука на Управниот одбор на ИОРРМ.

(2) Согласно Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци, доколку субјектот на контрола, со постапката за контрола на квалитетот, добил оценка „потребни се значајни подобрувања“ или ‘‘незадоволително‘‘, ќе биде земен за контрола со планот на контроли на квалитет за следната година, како контрола надвор од редовниот циклус.

(3) Висината на надоместокот што го плаќа субјект за спроведување на проверка на контрола на квалитет од ставот (1) и ставот (2) од овој член, изнесува 3.150,00 денари по ефективен работен час по контролор на квалитет поминат на проверката на контрола на квалитет.

(4) Трошоците за спроведување на контролата од ставот (1) паѓаат на товар на првичнот подносител на барањето за контролата.

(5) Трошоците за спроведување на проверката од ставот (2) паѓаат на товар на друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец.

(6) Под првичен подносител на барањето за контрола не се сметаат Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.,,

*На 07.11.2018 година, СУНРРМ даде согласност на Одлуката за измена на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија*

**Член 3**

Во останатиот дел Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, останува непроменет.

**Член 4**

Оваа Одлука за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија стапува на сила на денот на донесување на одлуката, а истата ќа се применува по добивање на согласност од Советот.

Драган Димитров
Претседател на ИОРРМ

*На 07.11.2018 година, СУНРРМ даде согласност на Одлуката за измена на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија*